Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 02-10417/1
Скопје/Shkup________година/viti
29 -09- 2025

# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

## Извештај за финансиското работење на претпријатието за вториот квартал од 2025 година

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut

Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk

СОДРЖИНА:

I. ВОВЕД....3

II. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ....4

III. ПРИХОДИ....6

IV. РАСХОДИ....10

V. БИЛАНС НА СОСТОЈБА....14

VI. БИЛАНС НА УСПЕХ ....16

VII. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА....18

# I. ВОВЕД

Јавното Претпријатие за државни патишта (во натамошниот текст: ЈПДП) е основано на 03.01.2013 со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија, објавена во Службен Весник на РМ бр.1 од 02.01.2013 година. Претпријатието е запишано во Централен Регистар на РМ со ЕМБС 6839673 и е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Основна цел и дејност на ЈП за државни патишта е планирање, изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на патиштата и управување со државните патишта. Со тоа ЈП за државни патишта останува двигател на патната инфраструктура во Република Северна Македонија.

Извештајот за финансиското работење на претпријатието за вториот квартал од 2025 година се изготвува согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија и се однесува за периодот од април – јуни 2025 година и истиот се доставува до Владата на Република Северна Македонија.

Во извештајниот период ЈПДП ги реализираше приходите и трошоците согласно Финансискиот план за 2025 година, како и инвестициите согласно Годишната Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2025 година.

## II. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| Ред. бр. | Опис | План II квартал 2025 | Оств. II квартал 2025 | Оств. II квартал 2024 | Стр. Анал. II квартал 2025 | Спор. Оств./ план II квартал 2025 | Спор. Оств. 2025/2024 II квартал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ВКУПНИ ПРИХОДИ | 3,750,000,000 | 5,452,030,394 | 2,753,811,240 | 100.00% | 1.45 | 1.98 |
| 1.1 | Приходи од патарина | 1,125,000,000 | 1,033,374,860 | 948,695,943 | 18.95% | 0.92 | 1.09 |
| 1.2 | Приходи од регистрација | 600,000,000 | 600,692,819 | 529,978,496 | 11.02% | 1.00 | 1.13 |
| 1.3 | Други приходи | 25,000,000 | 19,852,354 | 16,458,670 | 0.36% | 0.79 | 1.21 |
| 1.4 | Дел од акциза од нафтени деривати | 1,500,000,000 | 1,220,014,404 | 1,257,947,591 | 22.38% | 0.81 | 0.97 |
| | **Вкупно приходи од работењето** | **3,250,000,000** | **2,873,934,437** | **2,753,080,700** | | 0.88 | 1.04 |
| 1.5 | Приходи од камати | 2,500,000 | 218,291,091 | 294,103 | 4.00% | 87.32 | 742.23 |
| 1.6 | Приходи од позитивни курсни разлики | 497,500,000 | 2,359,804,866 | 436,437 | 43.28% | 4.74 | 5406.98 |
| | **Вкупно финансиски приходи** | **500,000,000** | **2,578,095,957** | **730,540** | | 5.16 | 3529.03 |
| 2 | ВКУПНИ РАСХОДИ | 2,000,000,000 | 1,477,627,214 | 1,522,195,509 | 100.00% | 0.74 | 0.97 |
| 2.1 | Трошоци за суровини и материјали | 7,500,000 | 27,807,733 | 31,593,012 | 1.88% | 3.71 | 0.88 |
| 2.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 475,000,000 | 220,503,799 | 312,201,577 | 14.92% | 0.46 | 0.71 |
| 2.3 | Останати трошоци од работењето | 125,000,000 | 337,216,487 | 88,691,946 | 22.82% | 2.70 | 3.80 |
| 2.4 | Трошоци за вработените | 180,000,000 | 134,669,168 | 131,696,564 | 9.11% | 0.75 | 1.02 |
| | **Вкупно трошоци од работењето** | **787,500,000** | **720,197,187** | **564,183,099** | | 0.91 | 1.28 |
| | ***Оперативна Добивка/загуба од работењето*** | ***2,462,500,000*** | ***2,153,737,250*** | ***2,188,897,601*** | | 0.87 | 0.98 |
| 2.5 | Амортизација | 575,000,000 | 653,117,873 | 654,109,643 | 44.20% | 1.14 | 1.00 |
| 2.6 | Расходи од Камати | 250,000,000 | 101,609,177 | 37,813,701 | 6.88% | 0.41 | 2.69 |
| 2.7 | Расходи од негативни курсни разлики | 387,500,000 | 2,702,977 | 266,089,066 | 0.18% | 0.01 | 0.01 |
| | **Вкупно финансиски расходи и Амортизација** | **1,212,500,000** | **757,430,027** | **958,012,410** | | 0.62 | 0.79 |
| 3 | ***Финансиски резултат (добивка/загуба)*** | **1,750,000,000** | **3,974,403,180** | **1,231,615,732** | | | |
| 4 | Вкупни неизмирени обврски (краткорочни) | | 6,179,677,303 | 6,944,041,120 | | | |
| 5 | Вкупни побарувања (краткорочни) | | 380,714,728 | 162,736,016 | | | |
| 6 | Состојба на сметки (денарска и девизна) | | 2,901,563,065 | 1,865,822,880 | | | |
| 7 | Вкупен број на | | 513 | 506 | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **вработени лица** | | | | | | |
| | Број на лица враб. на неопределено време во претпријатието | | 457 | 506 | | | |
| | Број на лица враб. на определено време во претпријатието | | 20 | 0 | | | |
| | Број на привремено враб. во претпријатието | | 36 | 0 | | | |
| 8 | **Износ на просечно исплатена нето плата во претпријатието** | | 55,453 | 52,837 | | | |

Оперативната добивка за вториот квартал во 2025 година изнесува 2,153,737,250 денари, додека финансискиот резултат за вториот квартал во 2025 година е добивка од 3,974,403,180 денари.

## III. ПРИХОДИ

Финансиските средства за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на јавните патишта и за работење на Јавното претпријатие се обезбедуваат од:

1) дел од акцизата од деривати од нафта;

2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);

3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);

4) надоместок за:

а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас,

б) приклучување на пристапен пат на јавен пат,

в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас;

г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место,

д) прекумерно користење на пат,

ѓ) вонредниот превоз и

е) штета сторена на патот и објектите на патот;

5) средства од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на општините и на градот Скопје;

6) заеми, кредити и грант средства од МФИ

7) други приходи.

Висината на средствата од точка 1 се утврдува со Одлука на Владата на Република Северна Македонија и истата не може да биде помала од 20% од вкупниот приход по основ на акциза од деривати од нафта.

➢ Табеларен приказ на специфицираните приходи

*во илјади денари*

| Ред. Бр. | ОПИС | ОСТВ. II квартал 2024 | ПЛАН 2025 | ОСТВ. II квартал 2025 | Спор. анал. тек. / оств. претх. | Спор. анал. оств. / план. | Структ. анал. тек. год. (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Оперативни приходи** | | | | | | |
| 1.1 | Приходи од акциза | 1,257,948 | 1,500,000 | 1,220,014 | 0.97 | 0.81 | 22.38 |
| 1.2 | Приходи патарина | 948,696 | 1,125,000 | 1,033,375 | 1.09 | 0.92 | 18.95 |
| 1.3 | Приходи регистрација | 529,978 | 600,000 | 600,693 | 1.13 | 1.00 | 11.02 |
| 1.4 | Останати приходи од работењето | 16,459 | 25,000 | 19,852 | 1.21 | 0.79 | 0.36 |
| **Вкупни оперативни приходи** | | **2,753,081** | **3,250,000** | **2,873,934** | **1.04** | **0.88** | **52.71** |
| 2 | **Останати приходи** | | | | | | |
| 2.1 | Позитивни курсни разлики | 436 | 497,500 | 2,359,805 | 5,406.98 | 4.74 | 43.28 |
| 2.2 | Приходи од камати | 294 | 2,500 | 218,291 | 742.23 | 87.32 | 4.00 |
| **Вкупно останати приходи** | | **731** | **500,000** | **2,578,096** | **3,529.03** | **5.16** | **47.29** |
| **Вкупно приходи** | | **2,753,811** | **3,750,000** | **5,452,030** | **1.98** | **1.45** | **100.00** |

Во периодот април – јуни 2025 година, ЈП за државни патишта ги има остварено следниве приходи:

1. Приход остварен од надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина) во износ од 1.033.375 денари. Во споредба со истиот период од 2024 година, приходот од патарина е поголем за 9% односно за 84.678.917 денари. Висината на надоместокот е определена во зависност од должината на делницата на која се наплаќа надоместокот и од категоријата на возилата во согласност со Одлука донесена од Владата на Република Северна Македонија за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина), бр.45-3763/1 од 03 јуни 2019 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.118/2019 од 11.06.2019).

2. Приход остварен од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса) што се плаќа при регистрација на возилата, во износ од 600.692.819 денари. Во споредба со истиот период од минатата година, приходот по оваа основа е поголем за 13% или за 70.714.323 денари. Остварувањето на овој приход е врз основа на примена на Одлуката на Владата на РМ бр.19-4732/1 од 22 септември 2009 година за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) и Одлука за изменување на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/2014). Според Одлуката, имателите на моторните и приклучните возила, надоместокот го плаќаат при регистрација на возилата годишно а во зависност од влијанието на возилото врз оштетувањето на патот.

3. Други приходи на ЈП за државни патишта согласно Законот за јавни патишта за вториот квартал во 2025 година изнесуваат 19.852.354 денари. Овие приходи се остваруваат врз основа на надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта, согласно „Одлуката за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државен пат, приклучување на пристапен пат на државен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на државен пат, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење на државен пат за вонреден превоз и за штета на државен пат и на објектите на патот", приходи остварени од наплата на гаранции, пресметани приходи од побарувања по основ на судски предмети и други приходи.

4. Приход остварен од делот од акцизата од нафтени деривати, во вториот квартал од 2025 година изнесува 1.220.014.404 денари. Во споредба со истиот период од минатата година, приходот остварен по овој основ е помал за 3% или за 37,933,187 денари. Согласно Законот за јавните патишта овие средства се трансферираат од Буџетот на

Република Северна Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку четири пати годишно, во интервали од најмалку три календарски месеци.

5. Финансиските приходи во вториот квартал од 2025 година изнесуваат 2.578.095.957 денари, од кои 218.291.091 денари се приходи од камати и 2.359.804.866 денари се пресметани позитивни курсни разлики.

- Графички приказ на специфицираните приходи



## IV. РАСХОДИ

➢ Табеларен приказ на специфицираните расходи

*во илјади денари*

| Ред. Бр. | ОПИС | ОСТВ. II квартал 2024 | ПЛАН 2025 | ОСТВ. II квартал 2025 | Спор. оств. I квартал 2025/2024 | Спор. оств. I квартал/ план 2025 | Структ. Анал. I квартал 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| 1.1 | Трошоци за суровини и материјали | 31,593 | 7,500 | 27,808 | 0.88 | 3.71 | 1.88% |
| 1.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 312,202 | 475,000 | 220,504 | 0.71 | 0.46 | 14.92% |
| 1.3 | Останати трошоци од работењето | 88,692 | 125,000 | 337,216 | 3.80 | 2.70 | 22.82% |
| 1.4 | Трошоци за вработени | 131,697 | 180,000 | 134,669 | 1.02 | 0.75 | 9.11% |
| | **Вк. оперативни расходи** | **564,183** | **787,500** | **720,197** | 1.28 | 0.91 | 48.74% |
| 2 | **Останати расходи** | | | | | | |
| 2.1 | Амортизација | 654,110 | 575,000 | 653,118 | 1.00 | 1.14 | 44.20% |
| 2.2 | Расходи по основ на камати | 37,814 | 250,000 | 101,609 | 2.69 | 0.41 | 6.88% |
| 2.3 | Расходи по основ на курсни разлики | 266,089 | 387,500 | 2,703 | 0.01 | 0.01 | 0.18% |
| | **Вк.финансиски расходи и амортизација** | **958,012** | **1,212,500** | **757,428** | 0.79 | 0.62 | **51.26%** |
| | **Вкупно расходи** | **1,522,196** | **2,000,000** | **1,477,627** | 0.97 | 0.74 | **100.00%** |

Во периодот април - јуни 2025 година направени се трошоци и расходи во вкупен износ од 1.477.627.214 денари.

1. За трошоци за суровини и материјали и електрична енергија квартално потрошени се 27.807.733 денари, од кои: за трошоци за канцелариски материјали потрошени се 398.241 денари, за трошоци за материјали за одржување хигиена потрошени се 252.796 денари, трошоци за ролни за фискални каси на наплатни станици потрошени се 808.673 денари, за трошоци за вода и други напитоци потрошени се

17.602 денари, за трошоци за гориво за службени возила потрошени се 1.110.380 денари, за трошоци за електрична енергија потрошени се 24.996.299 денари и за трошоци за топлотна енергија потрошени се 223.742 денари.

2. За трошоци за услуги со карактер на материјални трошоци квартално потрошени се 220.503.799 денари, од кои: за трошоци за ПТТ услуги, мобилна телефонија, интернет потрошени се 4.655.018 денари, трошоци за одржување патишта (Македонија пат) потрошени се 152.152.550 денари, трошоци за одржување автоматски стоп рампи потрошени се 1.698.552 денари, трошоци за одржување, надградба и броење на сообраќај, потрошени се 58.726 денари, трошоци за одржување системи во тунели Демир Капија потрошени се 3.248.144 денари, трошоци за одржување на опрема и објекти на ЈПДП потрошени се 5.332.486 денари, одржување на патни делници Штип-Радовиш и Штип – Кочани потрошени се вкупно 3.059.471 денари, за одржување ПП систем и апарати и други трошоци за одржување потрошени се 3.222.350 денари, одржување на уреди за непрекинато напојување (агрегати) потрошени се 5.000.575, за одржување на електронски систем за наплата на патарина потрошени се 1.151.664 денари, за одржување на хигиена во деловни простории потрошени се 1.691.053 денари, за режиски трошоци (вода, собирање смет по наплатни, паркинг услуги и др.) потрошени се 3.527.477 денари, трошоци за одржување на софтвер потрошени се 9.527.303 денари, трошоци за провизија за здруженија за технички преглед потрошени се 828.357 денари, трошоци за надзор на одржување и градба на патишта потрошени се 10.241.417 денари, наем на деловен простор потрошени се 284.437 денари, наем на опрема потрошени се 3.270.976 денари и провизија за привремени вработувања потрошени се 143.763 денари.

3. За останати трошоци од работењето квартално се потрошени 337.216.487 денари, од кои: трошоци за осигурување патнички возила и згради и опрема потрошени се 3.082.760 денари, трошоци за банкарски провизии потрошени се 18.001.966 денари, останати трошоци (административни, судски, нотарски такси) потрошени се 1.145.621 денари, за услуги по договор на дело потрошени се 9.295.601 денари, за консултантски услуги потрошени се 17.604.657 денари, трошоци за поврат на средства од регистрација на товарни возила кои престојуваат во странство

потрошени се 16.097.063 денари, трансфери кон единиците на локална самоуправа префрлени се 233.436.266 денари, додека за трошоци за вештачења, адвокатски услуги, геодетски услуги, претплата за стручни списанија и др. потрошени се 17.223.332 денари.

4. Трошоците за вработените за вториот квартал од извештајниот период изнесува 134.669.168 денари, и тоа: за трошоци за бруто плати 120.931.878 денари, трошоци за привремени вработувања – 6.589.880 денари, трошоци за семинари во износ од 21.494 денари, трошоци за превоз на инкасанти, обуки и други 5.036.724 денари, трошоци за солидарна помош, отпремнини за пензија, регрес за годишен одмор и друго 1.043.148 денари и трошоци за службени патувања во износ од 172.020 денари.

5. Пресметаниот трошок за амортизација за вториот квартал од 2025 година изнесува 653.117.873 денари.

6. Расходите за камати и пресметани негативни курсни разлики (финансиски расходи) за вториот квартал од 2025 година изнесуваат 104.312.154 денари, и тоа: негативните курсни разлики изнесуваат 2.702.977 денари и каматите изнесуваат 101.609.177 денари.

Напомена: Пресметаните позитивни и негативни курсни разлики согласно меѓународните сметководствени стандарди и пресметковниот начин на водење на сметководството, влијаат на остварениот финансиски резултат, а произлегуваат од користењето и отплатата на странските кредити, односно од вкупната кредитна задолженост на ЈП за државни патишта. Пресметаните курсни разлики (позитивни или негативни) во најголема мерка зависат од движењето на курсот на американскиот долар, валута во која ЈП за државни патишта го има склучено договорот со Кинеската Ексим банка за финансирање на изградбата на патните правци Кичево – Охрид и Миладиновци – Штип.

➤ Графички приказ на специфицираните расходи



# V. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Билансот на состојба ја покажува состојбата на средствата и изворите на претпријатието на 30.06.2025 година. Билансот на состојба е статички и кумулативен преглед, кој го набљудува претпријатието во даден момент и ја прикажува состојбата на средствата, изворите и капиталот кои произлегуваат од сите активности во претпријатието од неговото основање до денот на составување на билансот. Вредностите на ставките во Билансот на состојба се искажани според нивниот износ при набавка на средството, корегирани за промените што настанале.

| Ред. Бр. | БИЛАНС НА СОСТОЈБА | Остварено 01.01.2025 - 30.06.2025 | Остварено 01.01.2024 - 30.06.2024 | Струк. анал. 2025 | Спор. 2025/ 2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| | АКТИВА* | | | | |
| 1 | **Тековни средства** | **3,284,513,100** | **2,030,723,694** | | **1.62** |
| 1.1 | Парични средства | 2,901,563,131 | 1,865,822,884 | 1.62% | 1.56 |
| 1.2 | Краткорочни Побарувања | 380,665,649 | 162,736,017 | 0.21% | 2.34 |
| 1.3 | Залихи | 2,284,320 | 2,164,793 | 0,00% | 1.06 |
| 2 | **Нетековни средства** | **175,892,108,588** | **161,080,663,139** | | **1.09** |
| 2.1 | **Нематеријални средства** | **6,407,925** | **7,789,837** | | **0.82** |
| 2.1.1 | Концесии, патенти, лиценци и др. | 6,407,925 | 7,789,837 | 0.00% | 0.82 |
| 2.2 | **Материјални средства и вложувања во недвижност** | **175,885,700,663** | **161,072,873,302** | | **1.09** |
| 2.2.1 | Недвижности | 86,483,597,378 | 87,293,053,753 | 48.27% | 0.99 |
| 2.2.2 | Постројки и опрема | 46,653,690 | 62,192,980 | 0.03% | 0.75 |
| 2.2.3 | Транспортни средства | 10,972,923 | 13,290,130 | 0.01% | 0.83 |
| 2.2.4 | Канцелариски инвентар и мебел | 2,114,591 | 2,643,091 | 0.00% | 0.80 |
| 2.2.5 | Аванси за набавка на материјални средства | 3,207,508,223 | 3,310,785,481 | 1.79% | 0.97 |
| 2.2.6 | Материјални средства во подготовка | 86,134,584,553 | 70,390,638,562 | 48.07% | 1.22 |
| 2.2.7 | Останати материјално вложувања | 269,305 | 269,305 | 0.00% | 1.00 |
| 3 | **Платени трошоци за идни периоди (АВР)** | 0 | 0 | | |
| | Вкупна актива | 179,176,621,700 | 163,111,386,827 | 100.00% | 1.10 |
| | ПАСИВА | | | | |
| 1 | **Обврски** | **61,844,407,058** | **61,268,308,566** | | **1.01** |
| 1.1 | **Краткорочни обврски** | **6,179,670,138** | **6,944,041,120** | | **0.89** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.1 | Обврски кон добавувачи | 1,261,224,871 | 2,022,047,812 | 0.70% | 0.62 |
| 1.1.2 | Обврски за аванси и депозити | 1,665,566,425 | 1,653,002,489 | 0.93% | 1.01 |
| 1.1.3 | Обврски кон вработените | 0 | 14,519 | 0.00% | 0.00 |
| 1.1.4 | Тековни даночни обврски | 30,582,958 | 149,257,190 | 0.02% | 0.20 |
| 1.1.5 | Обврски по заеми и кредити | 3,222,295,884 | 3,119,719,110 | 1.80% | 1.03 |
| 1.1.6 | Останати финансиски обврски | 0 | 0 | 0.00% | |
| **1.2** | **Долгорочни обврски** | **55,664,736,920** | **54,324,267,446** | | **1.02** |
| 1.2.1 | Обврски по заеми и кредити | 55,539,519,422 | 54,146,144,140 | 31.00% | 1.03 |
| 1.2.2 | Останати долгорочни резервирања | 125,217,498 | 178,123,306 | 0.07% | 0.70 |
| **2** | **Капитал и резерви** | **80,499,313,683** | **72,117,122,183** | | **1.12** |
| 2.1 | Капитал | 5,000,000 | 5,000,000 | 0.00% | 1.00 |
| 2.2 | Ревалоризирана резерва | 9,796,453,000 | 9,796,453,000 | 5.47% | 1.00 |
| 2.3 | Резерви | 5,906,427,172 | 3,448,047,142 | 3.30% | 1.71 |
| 2.4 | Акумулирана Добивка | 55,029,956,287 | 51,581,909,145 | 30.71% | 1.07 |
| 2.5 | Добивка за деловна година | 9,761,477,224 | 7,285,712,896 | 5.45% | 1.34 |
| 3 | **Одложено плаќање на трошоци и приходи (ПВР)** | **36,832,900,957** | **29,725,956,076** | **20.56%** | **1.24** |
| | **Вкупна пасива** | **179,176,621,700** | **163,111,386,827** | **100.00%** | **1.10** |

Вкупната актива/пасива во Билансот на состојба до 30.06.2025 година изнесува 179,176,621,700 денари. Во однос на истиот период претходната 2024, кога изнесувала 163,111,386,827 денари, бележи зголемување од 10%. Во активата најголемо зголемување, согласно структурната и споредбената анализа, има во материјалните средства како и во краткорочни побарувања. Во пасивата, зголемувањето е најголемо кај долгорочните обврски т.е. обврските по заеми и кредити заради реализација на проектите кои се финансираат од странски кредити.

## VI. БИЛАНС НА УСПЕХ

Билансот на успех ги покажува вкупно остварените приходи и расходи од работењето на ЈПДП за вториот квартал од 2025 година и финансискиот резултат за истиот период. Во табелата што следи дадени се споредбени податоци за вториот квартал од тековната година со истиот период од претходната 2024 година и со планираните квартални резултати за 2025 години.

| Ред. бр. | БИЛАНС НА УСПЕХ | План II квартал 2025 | Оств. II квартал 2025 | Оств. II квартал 2024 | Струк. Анал. 2025 | Спор. 2025/ 2024 | Спор. 2025/ план |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 1.1 | Патарина | 1,125,000,000 | 1,033,374,860 | 948,695,943 | 18.95% | 1.09 | 0.92 |
| 1.2 | Регистрација (патна такса) | 600,000,000 | 600,692,819 | 529,978,496 | 11.02% | 1.13 | 1.00 |
| 1.3 | Акциза | 1,500,000,000 | 1,220,014,404 | 1,257,947,591 | 22.38% | 0.97 | 0.81 |
| 1.4 | Други приходи | 25,000,000 | 19,852,354 | 16,458,670 | 0.36% | 1.21 | 0.79 |
| | **Вкупно приходи од дејноста** | **3,250,000,000** | **2,873,934,437** | **2,753,080,700** | | **1.04** | **0.88** |
| 2 | **Финансиски приходи** | | | | | | |
| 2.1 | Камати | 2,500,000 | 218,291,091 | 294,103 | 4.00% | 742.23 | 87.32 |
| 2.2 | Позитивни курсни разлики | 497,500,000 | 2,359,804,866 | 436,437 | 43.28% | 5406.98 | 4.74 |
| | **Вкупно финансиски приходи** | **500,000,000** | **2,578,095,957** | **730,540** | | **3529.03** | **5.16** |
| | **Вкупно приходи** | **3,750,000,000** | **5,452,030,394** | **2,753,811,240** | **100.00%** | **1.98** | **1.45** |
| | | | | | | | |
| 1 | **Трошоци од дејноста** | | | | | | |
| 1.1 | Трошоци за суровини и материјали | 7,500,000 | 27,807,733 | 31,593,012 | 1.88% | 0.88 | 3.71 |
| 1.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 475,000,000 | 220,503,799 | 312,201,577 | 14.92% | 0.71 | 0.46 |
| 1.3 | Трошоци за вработените | 180,000,000 | 134,669,168 | 131,696,565 | 9.11% | 1.02 | 0.75 |
| 1.4 | Останати трошоци од работењето | 125,000,000 | 337,216,487 | 88,691,946 | 22.82% | 3.80 | 2.70 |
| | **Вкупно трошоци од дејноста** | **787,500,000** | **720,197,187** | **564,183,100** | | **1.28** | **0.91** |
| 2 | **Финансиски расходи и амортизација** | | | | | | |
| 2.1 | Камати | 250,000,000 | 101,609,177 | 37,813,761 | 6.88% | 2.69 | 0.41 |
| 2.2 | Негативни курсни разлики | 387,500,000 | 2,702,977 | 266,089,066 | 0.18% | 0.01 | 0.01 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.3 | Амортизација | 575,000,000 | 653,117,873 | 654,109,643 | 44.20% | 1.00 | 1.14 |
| | **Вкупно останати расходи** | **1,212,500,000** | **757,430,027** | **958,012,470** | | **0.79** | **0.62** |
| | **Вкупно расходи** | **2,000,000,000** | **1,477,627,214** | **1,522,195,570** | **100.00%** | **2.07** | **0.74** |
| | **Финансиски резултат** | **1,750,000,000** | **3,974,403,180** | **1,231,615,670** | | **3.23** | **2.27** |

Во Билансот на успех се содржани оперативните приходи, кои за извештајниот период изнесуваат 2,873,934,437 денари и оперативните или општите трошоци, кои изнесуваат 720,197,187 денари. Нивната разлика ја дава оперативната добивка која за вториот квартал од 2025 година изнесува 2,153,737,250 денари. Кај позитивните курсни разлики се бележи зголемување за извештајниот перод, а кај негативните курсни разлики се бележи мало зголемување во споредба со истиот период од минатата година.

## VII. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА

Инвестициите се вбројуваат меѓу најзначајните фактори на економскиот развој. ЈПДП, средства за инвестиции ги обезбедува од сопствени средства, грантови, странски кредити како и буџетски средства од државата. Во табелата што следи се прикажани инвестиции од сопствени средства и инвестициите со странски кредити, како и инвестициите од буџетски средства остварени во вториот квартал од 2025 година и нивната споредба со претходната година за истиот квартал.

| Годишна Програма | Програма 2025 | Реал. II кварт.2025 | Реал. II кварт. 2024 | Струк. Анал. 2025 | Споредба 2025/2024 | Оств. /план. 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ИНВЕСТИЦИИ | 5,911,027,500 | 4,087,497,123 | 2,794,910,315 | 100.00% | 1.46 | 0.69 |
| **Инвестиции од сопствени средства** | **1,437,902,500** | **782,086,998** | **1,073,641,384** | | **0.73** | 0.54 |
| Градба и рехабилитација на државни патишта | 690,527,500 | 392,165,973 | 577,896,234 | 20.68% | 0.68 | 0.57 |
| Свлечишта и рехабилитација на мостови и тунели | 25,000,000 | 70,006,124 | 91,832,038 | 3.29% | | 2.80 |
| Осветлување и сигнализација и опрема на патишта | 25,000,000 | 5,000,000 | 7,499,886 | 0.27% | | 0.20 |
| Сопствено учество во инвестиции од странски кредити | 175,000,000 | 79,697,082 | 338,337 | 0.01% | 235.56 | 0.46 |
| Инвестиционо одржување | 180,000,000 | 13,460 | 0 | 0.00% | 0.00 | 0.00 |
| Експропријација | 150,000,000 | 73,038,809 | 156,206,308 | 5.59% | 0.47 | 0.49 |
| Проектирање | 25,000,000 | 12,949,720 | 14,236,700 | 0.51% | 0.91 | 0.52 |
| Надзор над градежни работи | 162,375,000 | 146,021,551 | 221,856,716 | 7.94% | 0.66 | 0.90 |
| Опрема и Софтвер | 5,000,000 | 3,194,279 | 3,775,165 | 0.14% | | 0.64 |
| **Инвестиции од странски кредити** | **2,193,000,000** | **1,503,478,195** | **736,046,684** | | **2.04** | **0.49** |
| Инвестиции со кредит од Светска банка | 454,250,000 | 700,164,507 | 328,128,735 | 11.74% | 2.13 | 0.47 |
| Инвестиции со кредит од ЕБОР | 613,750,000 | 112,607,875 | 407,917,949 | 14.60% | 0.28 | 3.62 |
| Инвестиции со кредит од Ексим Банка | 1,125,000,000 | 690,705,813 | 0 | 0.00% | 0.00 | 0.00 |
| **Инвестиции од буџетски средства** | **2,280,125,000** | **1,801,931,930** | **985,222,247** | **35.25%** | **1.83** | **0.55** |

Детален приказ на потрошени средства по проекти за период 01.04-30.06.2025 година вклучени во Инвестициската програма на Јавното Претпријатие за државни патишта е како што следи подолу:

- **Табеларен приказ на инвестициона програма по проекти**

| Р.бр | Годишна Програма | Реал. II квартал 2025 |
|---|---|---|
| | **ИНВЕСТИЦИИ** | **4,087,497,081** |
| | **Инвестиции од сопствени средства** | **782,086,998** |
| 1 | Градба и рехабилитација на државни патишта | 392,165,973 |
| 1.1 | ***Изградба на делн. Извор (спој со А2) - Гарски Мост*** | 10,569,189 |
| 1.2 | ***Поп.и рег. на А1 делн. Д.Капија - Неготино (2 кол)*** | 4,000,000 |
| 1.3 | ***Рекон. со прош. на Понов мост - Богданци*** | 142,167,005 |
| 1.4 | ***Попр. и рех. на А2 дел. Скопје - Тетово*** | 45,617,246 |
| 1.5 | ***Рех. и поп. на делн. Охрид - Св. Наум*** | 185,065,432 |
| 1.6 | ***Изг. на Обикол. на Тетово преку клучка Требош до Непроштено*** | 4,747,101 |
| 2 | Свлечишта и рехабилитација на мостови и тунели | 70,006,124 |
| 2.1 | ***Санац. на труп на Р1306, дел. Прилеп - Крушево*** | 22,539,901 |
| 2.2 | ***Санација на тунели Демир Капија 1 и 2*** | 25,847,797 |
| 2.3 | ***Заштита и санац. на потпорен ѕид Р1202 кај Бигорски манастир*** | 842,012 |
| 2.4 | ***Санац. на мост над река Шевница*** | 16,457,488 |
| 2.5 | ***Санац. на мост преку р.Вардар кај Башино село*** | 4,318,926 |
| 3 | Осветлување и Сигнализација и опрема на патишта | 5,000,000 |
| 3.1 | ***Сооб. сигнал. и опрема Р1203 Тетово - Јажинце*** | 5,000,000 |
| 4 | Сопствено учество во инвестиции од странски кредити | 79,697,082 |
| 4.1 | ***Кичево -Охрид -Кинески кредит сопствено учество*** | 79,595,620 |
| 4.2 | ***ДДВ Елект. систем за патарини 1 фаза*** | 101,462 |
| 5 | Инвестиционо одржување | 13,460 |
| 5.1 | ***Периодично инвестиционо одржување*** | 13,460 |
| 6 | Експропријација | 73,038,809 |
| 7 | Проектирање | 12,949,720 |
| 8 | Надзор над градежни работи | 146,021,551 |
| 9 | Опрема и Софтвер | 3,194,279 |
| 9.1 | **Инвестиции од странски кредити** | **1,503,478,195** |
| 10 | Инвестиции со кредит од Светска банка | 700,164,507 |

| | | |
|---|---|---|
| 10.1 | *Изг.на екс.пат А2, делница Длабочица - Чатал* | 531,005,609 |
| 10.2 | *Изг. на екс. пат К. Паланка - Длабочица* | 147,167,378 |
| 10.3 | *Консултантски услуги Ранковце - Крива Паланка* | 172,541 |
| 10.4 | *Консултантски услуги Менаџмен систем на мостови* | 21,818,979 |
| 11 | Инвестиции со кредит од ЕБОР | 112,607,875 |
| 11.1 | *Заврш.градба на експ.пат Градско - Прилеп* | 95,073,769 |
| 11.2 | *Електронски систем за наплата на патарина Коридор 8* | 16,406,522 |
| 11.3 | *Електронски систем за наплата на патарина Коридор 10* | 1,127,584 |
| 12 | Инвестиции со кредит од Ексим Банка | 690,705,813 |
| 12.1 | *Изградба на Автопат Кичево - Охрид* | 690,705,813 |
| 13 | Инвестиции од буџетски средства | **1,801,931,930** |
| 13.1 | *Изградба на делн. Тетово - Гостивар -Букојчани, Требеништа - Струга - Ќафасан, Прилеп - Битола* | 1,801,931,930 |

Воедно, графички приказ на инвестиции според изворите на финансирање е како што следи подолу:




В.Д. Директор

Коце Трајановски

Изработил: Маре Шурлиновска

Контолирал: Марина Терповска,

Маја Т.Петрушевски

Одобрил: Татјана Миновска